Врз основа на член 51 став 5 од Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на Република Македонија"број 44/99, 59/99, 86/99,11/2000,8/2001 и 21/2003), министерот за финансии донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРИЈАВАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на пријавата за регистрација за данокот на додадена вредност.

Член 2

Пријава за регистрација за данокот на додадена вредност со упатство за начинот на пополнување, се поднесува на образецот "ДДВ-01" кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на пријавата за регистрација за данокот на додадена вредност ("Службен весник на Република Македонија број 4/2000).

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

08-7514/1
10 април 2003 година
Скопје

МИНИСТЕР,

М-р Петар Гошев с.р.